IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

# International Scientific Conference
# OHRID SCHOOL OF LAW
# 2018

## *Reforms in the Law: Step Forward to Rule of Law*

8

# IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

4-th International Scientific Conference
10-13 May 2018 Ohrid

**OHRID SCHOOL OF LAW**
**2018**

*Reforms in the Law:*
*Step Forward to Rule of Law*

# 8

**Издавач:**
Институт за правно-економски истражувања и едукација
**Ј У Р У Д И К А   П Р И М А**
Димо Хаџи Димов 8/1-1 Скопје, Република Македонија
iuridicaprima.mk
iuridicaprima@gmail.com

**Publisher:**
Institute for Legal-Economic Research an Education
**I U R I D I C A  P R I M A**
Dimo Hadzi Dimov 8/1-1 Skopje, Republic of Macedonia
iuridicaprima.mk
iuridicaprima@gmail.com

**За издавачот:**
Проф. д-р Ангел Ристов
**For the Publisher:**
Angel Ristov, Phd

**Печати:**
Стоби Трејд
**Print:**
Stobi Trejd

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34(082)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Охридска школа на правото (4 ; 2018 ; Охрид)
Охридска школа на правото. Реформи во правото : чекор поблиску до владеењето на правото / 4-та Меѓународна научна конференција 10-13 Мај 2018 Охрид ; [главен и одговорен уредник Ангел Ристов]. - Скопје : Институт за правно-економски истражувања Јуридика Прима, 2018. - 2 св. (356 ; 328 стр.) : илустр. ; 25 см

Трудови на повеке јазици. - На преднасл. стр.: Ohrid scholl of law 2018, Reforms in the law : step forward to rule of law / 4-th International Scientific Conference 10-13 May 2018 Ohrid. - Фусноти кон текстот. - Библиографија и summaries кон одделни трудови

ISBN 978-608-66152-2-2 (кн. 7)
ISBN 978-608-66152-3-9 (кн. 8)

а) Право - Зборници
COBISS.MK-ID 109051914

# IURIDICA PRIMA

**ЈУРИДИКА ПРИМА**
Институт за правно економски истражувања и едукација

4-та Меѓународна научна конференција
10-13 Мај 2018 Охрид

**ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРАВОТО**
**2018**

*Реформи во правото:*
*Чекор поблиску до владеењето на правото*

# 8

Institute for Legal – Economic Research and Education
**IURIDICA PRIMA**

*Editor –in-chief:* Professor Angel Ristov, PhD

*International Editorial Board:*
1. PhD, Ivan Ruschev, Faculty of Law, University "St. Kliment Ohridski" Sofia, Republic of Bulgaria;
2. Phd, Mihail Malchev, Faculty of Law, University "St. Kliment Ohridski" Sofia, Republic of Bulgaria;
3. PhD, Barbara Novak, Faculty of Law, University in Ljubljana, Republic of Slovenia;
4. PhD, Draginja Vuksanović, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
5. PhD, Ilija Vukčević, Faculty of Law, University, Donja Gorica, Podgorica, Republic of Monte Negro;
6. PhD, Nenad Tešić, Faculty of Law, University in Belgrade, Republic of Serbia;
7. PhD, Novak Krstić, Faculty of Law, University in Nis, Republic of Serbia;
8. PhD, Vesna Simovic Zvicer, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
9. PhD, Marko Bevanda, Faculty of Law, University in Mostar, Republic of Bosnia and Hercegovina;
10. PhD, Radenko Jotanović, Faculty of Law, University in Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Hercegovina;
11. PhD, Sanja Gongeta, Republic of Croatia, College of Applied Sciences Lavoslav Ružički in Vukovar, Republic of Croatia;
12. LLM, Lidija Šimunović, Faculty of Law, University in Osijek, Republic of Croatia;
13. Seregin Andrej Viktorovich, Assistant Professor, Candidate on Legal Scineces, South Federal University, Rostov on Don, Russian Federation;
14. PhD, Ivana Shumanovska Spasovska, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
15. PhD, Jovan Zafirovski, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia
16. PhD, Ilija Rumenov, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia;
17. LLM, Ilija Manasiev, Faculty of Law "Iustinianus Primus" University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje, Republic of Macedonia.

Институт за правно-економски истражувања и едукација

**ЈУРИДИКА ПРИМА**

*Главен и одговорен уредник:* проф. д-р Ангел Ристов

*Меѓународен уредувачки одбор:*

1. Д-р д-р Иван Русчев, Правен факултет Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;
2. Д-р Михаил Малчев, Правен факултет, Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;
3. Д-р Барбара Новак, Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
4. Д-р Илија Вукчевиќ, Правен факултет, Универзитет Доња Горица, Подгорица, Република Црна Гора;
5. Д-р Драгиња Вуксановиќ, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора;
6. Д-р Ненад Тешиќ, Правен факултет Универзитет во Белград, Република Србија;
7. Д-р Новак Крстиќ, Правен факултет Универзитет во Ниш, Република Србија;
8. Д-р Весна Симовиќ Звицер, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Цра Гора;
9. Д-р Марко Беванда, Правен факултет Универзитет Мостар, Република Босна и Херцеговина;
10. Д-р Раденко Јотановиќ, Правен факултет Универзитет во Бања Лука, Република Македонија, Република Српска, Босна и Херцеговина;
11. Д-р Сања Гонцета, Колеџ на применети науки Лавослав Ружички, Република Хрватска;
12. М-р Лидија Шимуновиќ, Правен факултет, Универзитет во Осијек, Република Хрватска;
13. Серегин Андреј Викторович, кандидат на правни наука Јужниот федерален универзитет во Ростов на Дон, Руска Федерација;
14. Д-р Ивана Шумановска Спасовска, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св.Кирил Методиј“ Скопје, Република Македонија;
15. Д-р Јован Зафировски, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија;
16. Д-р Илија Руменов, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија.
17. М-р Илија Манасиев, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија

## СОДРЖИНА

8.1. Проф. др Небојша Ранђеловић
Др Жељко В. Лазић
Мр Мартин Матијашевић
**ПРЕПОЗНАВАЊЕ И РЕАГОВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈУ У ПОЛИЦИЈСКОМ ПОСТУПАЊУ.......................................................11**
.
8.2 Красимир Влахов
Д-р Михаил Малчев
**ЗАКОНОДАТЕЛНАТА РЕФОРМА НА РАЗПОРЕДБАТА НА ЧЛЕН 51 ОТ ЗАКОНА ЗА НАСЛЕДСТВОТО - като гаранция за уеднакяване на спорната съдебна практика по приложението й.......................................................................31**

8.3. Проф. д-р Тони Ѓоргиев
М-р Гоце Стоиловски
**ПРЕКУ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ИЛИ КОНТРОЛАТА НА УМОТ ДО НОВ СВЕТ ЗА СИТЕ.......................................................................49**

8.4. Dr. Sanja Gongeta
**EUROPSKI ZAKONODAVNI OKVIR MEĐUBANKOVNIH NAKNADA ZA PLATNE TRANSAKCIJE PUTEM KARTICA...........59**

8.5. Проф. д-р Зоран Јовановски
**НЕГАТИВНИТЕ СТРАНИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА.......................71**

8.6. Д-р Билјана Каровска-Андоновска
**РЕФОРМИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ НАСПРЕМА ПРЕПОРАКИТЕ ВО ИЗВЕШТАЈОТ НА ПРИБЕ.......................................................................85**

8.7. Д-р Орде Ѓорѓиоски
**ПРЕПОРАКИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПРАВНА РАМКА ЗА ЕФЕКТИВНА „БОРБА“ СО ДОЦНЕЊЕТО ВО ПЛАЌАЊЕТО НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ...........................................................................................99**

8.8. Др Марија Тасић
**МЕЂУНАРОДНОПРАВНА ЗАШТИТА МАЊИНСКИХ АКЦИОНАРА У СВОЈСТВУ СТРАНИХ ИНВЕСТИТОРА.............117**

8.9. Д-р Илија Руменов
**СТАНДАРДИТЕ НА ХАШКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО И ЕУ ПОВРЗАНИ СО ПРЕКУГРАНИЧНАТА НАПЛАТА НА ИЗДРШКА СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.........................................................................133**

8.10. М-р Марјан Коцевски
**ПОТРЕБИТЕ ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИОТ ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТ.........................................................................................149**

8.11. Марија Драгићевић
**ЗАШТИТА ЛИЧНИХ ПОДАТАКА ЗАПОСЛЕНИХ И КАНДИДАТА ЗА ЗАПОСЛЕЊЕ.....................................................163**

8.12. Александра Васић
**О ПРАВНОЈ ПРИРОДИ УГОВОРА О ЛИЗИНГУ............................189**

8.13. М-р Александар Јовановски
**ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ НА ЈАВНОТО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО............................................................207**

8.14. Катарина Живановић, LLM
**ЗЛОУПОТРЕБА ПРАВА ОКРИВЉЕНОГ УСМЕРЕНА НА ОДУГОВЛАЧЕЊЕ КРИВИЧНОГ ПОСТУПКА – ХАРМОНИЗАЦИЈА ДОМАЋЕГ ЗАКОНОДАВСТВА СА НОРМАМА МЕЂУНАРОДНОГ ПРАВА УЗ ПРИКАЗ ПРАКСЕ УСТАВНОГ СУДА РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ........................................219**

8.15. Миња Блажић Павићевић, LL.M
**ПОВРЕДА ПРАВА НА ОДБРАНУ У ПРАКСИ ЕВРОПСКОГ СУДА ЗА ЉУДСКА ПРАВА..................................................................237**

8.16. Sanja Mišević
**ARBITRARNOST SUDSKIH ODLUKA KAO UGROZA VLADAVINI PRAVA U HRVATSKOJ – DE LEGE LATA DE LEGE FERENDA..........................................................................251**

8.17. Жељко Кршић
**СВЈЕДОК САРАДНИК ПРАВОСУЂА У КРИВИЧНОМ ПОСТУПКУ У БОСНИ И ХЕРЦЕГОВИНИ DE LEGE LATA DE LEGE FERENDA........................................................................271**

8.18. М-р Илија Манасиев
**ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСПРОТИ ДОБРОВОЛНА МЕДИЈАЦИЈА ВО ТЕОРИЈАТА И ПРАКСАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА......................................................289**

8.19. Проф. д-р Ангел Ристов
**ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО: ДЕКОР ИЛИ ЧЕКОР КОН ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО..................................................303**

*Проф. д-р Тони Ѓоргиев**
*М-р Гоце Стоиловски***

# ПРЕКУ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ИЛИ КОНТРОЛАТА НА УМОТ ДО НОВ СВЕТ ЗА СИТЕ

UDK:342.72/.73:316.46058.5
Professional papers

***Апстракт:*** *Во овој труд авторите ќе направат истражување за тоа дали новиот свет кој е на повидок ќе се реализира преку поголемо зајакнување и универзалнирање на човековите права или пак со воспоставување на контрола врз умот на сите земјани. Правата и слободите на човекот и граѓанинот се основните критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество. Истовремено тие се најасниот показател за карактерот на власта. Колку се понапредни тие, толку повеќе ја стеснуваат можноста на власта (властодрщците) за злоупотреби и арбитрарност кон правата и слободите на човекот.Совремната контрола на умот е и технолошка и психолошка. Светот е во ризична фаза каде контролата на умот има физичка и научна димензија која се заканува да прерасне во постојана состојба доколку не станеме свесни за алатките кои му се ставени на располагање на технократското диктаторство кое се одвива низ целиот свет. Денес на светската сцена се поизразаена е трката меѓу зајакнувањето и универзалнирање на човековите права и воспоставувањето на контрола врз умот на човекот. Кој се стигне прв и ќе биде основата на новиот свет за сите?*

*Клучни зборови: човекови права, контрола на умот, нов свет.*

* Вонреден професор на Воена академија „Ген. Михаило Апостолски“Скопје, tonigjorgiev@yahoo.co.uk,
** соработник на Воена академија „Ген. Михаило Апостолски“Скопје gocestoilovski1974@gmail.com

## Вовед

Тежнеењето кон заштита на човековото достоинство на сите човечки суштества се наоѓа во средиштето на концептот на човековите права. Тој концепт го поставува човекот во центарот на вниманието. Истиот се заснова врз заеднички универзален систем од вредности посветен на светоста на животот и обезбедува рамка за изградба на систем на човекови права, заштитен со меѓународно-прифатените норми и стандарди.

Сите луѓе се родени слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие треба да дејствуваат заемно во духот на братството.[1] Судирите треба да се разрешуваат по мирен пат, врз основа на владеењето на правото и во рамки на човековите права. Меѓутоа, човековите права можат да се преклопуваат едни со други; тие се ограничени со правата и слободите на другите или поради потребите за заштита на моралот, јавниот ред и општата благосостојба во едно демократско општество.[2] Човековите права на другите мора да се почитуваат, не само да се толерираат.

Човековите права не смеат да се користат за прекршување на други човекови права, па така, сите судири мора да се разрешуваат со едновремено почитување на човековите права и покрај тоа што во време на вонредна состојба и во екстремни случаи може да се наметнат одредени ограничувања.[3] Од почетокот на човековата историја, контролата на умот беше привилегија на оние кои го проучуваа човековото однесување со цел да потчинат голем дел од популацијата на волјата на мала “елитна” група.

## Универзална декларација за човекови права (УДЧП)

Универзална декларација за човекови права (УДЧП) - декларација донесена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 г. во дворецот Шајо, Париз. Декларацијата произлезе директно од искуството од Втората светска војна и го претставува првото глобално изразување на права на коишто, по својата природа имаат право сите човечки суштества. Декларацијата се состои

[1] член 1 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП)
[2] член 29 од УДЧП
[3] член 30 од УДЧП

од 30 члена коишто се елаборирани во подоцнежни меѓународни договори, регионални инструменти за човекови права, национални устави и закони. Меѓународната повелба за човекови права се состои од Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и неговите два Факултативни протоколи. Во 1966 година, Генералното собрание донесе два детални пакта коишто ја комплетираат Меѓународната повелба за човекови права и во 1976 година, откако двата пакта беа ратификувани од доволен број поединечни држави, Повелбата стана меѓународен закон.[4]

## Правно дејство

Иако, Декларацијата самата по себе не е договор, таа беше експлицитно донесена за дефинирање на значењето на зборовите „основни слободи“ и „човекови права“ коишто се присутни во Повелбата на Обединетите нации којашто е обврзувачка за сите земји-членки. Токму затоа, Универзалната декларација е основен, суштински документ на Обединетите нации. Исто така, многу меѓународни адвокати веруваат дека Декларацијата е дел од меѓународното обичајно право и дека е моќна алатка при вршење дипломатски и морален притисок врз Владите коишто го прекршуваат кој било член од Декларацијата. На Меѓународната конференција за човекови права на Обединетите нации во 1968 година, беше сугерирано дека Декларацијата „претставува обврска на сите членови на меѓународната заедница“ кон сите луѓе. Декларацијата служи како основа за два обврзувачки пакта за човековите права на Обединетите нации, а тоа се Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, како и начелата од Декларацијата кои се елаборирани во меѓународни договори како што се: Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените, Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, Конвенцијата против тортура на Обединетите нации и многу други. И понатаму многу влади, професори, поборници, уставни судови и луѓе кои се повикуваат на начелата од Декларацијата за заштита на нивните признати човекови права ѝ оддаваат огромно признание“.[5]

[4] Види https://mk.wikipedia.org

[5] Види https://mk.wikipedia.org

## Методи на контрола на умот

Современата контрола на умот е и технолошка и психолошка. Тестовите покажуваат дека со едноставно изложување на медотите на контрола на умот, ефектите може да бидат редуцирани или елиминирани, барем кога се работи за рекламен и пропаганден програм. Потешки за мерење се физичките упади, кои воено-индустрискиот комплекс продолжува да ги развива и подобрува.[6]

## Наноботови

Наноботите доаѓаат директно од научнофантастичните хорори. Која им е целта? Човечкиот мозок, секако! Директната мозочна модификација веќе е позната како "невроинженерство". Еден озвучен материјал од почетокот на 2009 година истакнува дека директната манипулација на мозокот преку оптички влакна е малку неуредна, но кога еднаш ќе се инсталира "може да го направи некого среќен само со притискање на копче." Наноботовите целиот овој процес го доведуваат до автоматизирано ниво, обновувајќи го мозокот, молекула по молекула. Исто така, овие мини дроиди може да се саморазмножуваат, што не принудува да се запрашаме како духот ќе го вратиме повторно во ламбата, откако веќе еднаш ќе се ослободи. Очекувана дата на експанзија? Почетокот на 2020-тите.

Научниците веќе се ангажираат да го раководат и предвидат човековото однесување, со што диктаторската елита ќе може да ги контролира масите и да се заштити себеси од последиците од будното и слободно човештво. Само ако ги пресретнеме нивните обиди да не заспијат имаме можност да ја зачуваме нашата слободна волја.[7]

## Телевизија, компјутери и „брзина на треперење"

Доволно лошо е сознанието дека тоа што е "програмирано" на вашиот телевизор (преку далечинско управување) е проектирано; сето тоа буквално ве наведува да заспиете, што далечинскиот го прави психо-социјално оружје. Тестовите за стапката на треперења покажуваат дека

[6] Види http://www.psiha.com
[7] Види http://www.psiha.com

алфа брановите во мозокот се променети, создавајќи вид на хипноза која делува така што светлата емитуваат кодирани Интернет податоци со “побрзо треперење од тоа што очите можат да го забележат.

Стапката на треперења на комјутерот е помала, но низ видео игрите, социјалните мрежи и основната структура која го преполнува мозокот со информации, брзиот напредок на современата комуникација доведува до АДХД состојба (хиперактивно пореметување поради недостиг на внимание). Истражувањето на видео игрите откри дека продолженото играње може да резултира со понизок проток на крвта во мозокот, намалувајќи ја емоционалната контрола. Понатаму, игрите на имитирање како воени или полициски сценарија служат за десентизација на врската со реалноста.[8]

## Електромагнетен спектар

Електромагнетните импулси целосно не обиколуваат, создадени од современите направи за кои се докажа дека имаат директно влијание на функцјата на мозокот. Во премолченото признание за тоа што е возможно, еден истражувач работеше со “Божји шлем” за да индуцира визии преку менување на електромагнетното поле на мозокот. Современите импулси постојано ни го испираат мозокот со потенцијално мисловно-менувачки бранови. Исто така, на контролорите им се достапни и предавателите на мобилните телефони за подиректна интервенција врз човековиот ум.

## Воено тестирање

Војската има долго минато на тестирање за мозочна контрола. Воениот ум веројатно е најпокорен, бидејќи оние кои бараат кариера во војската генерално функционираат според принципите за хиерархија, контрола и потребата за неоспорна послушност во мисија. За зголемената бројка на воен персонал кој ја преиспитува својата индоктринација, недамнешна статија ги истакна плановите на ДАРПА за шлемови за транскранијална контрола на умот, кои ќе ги задржат фокусирани.[9]

---

[8] Види http://www.psiha.com
[9] Види http://www.psiha.com

## Лекови

Тоа може да биде супстанца која создава зависност, но мисијата на контролирачите е да бидете сигурни дека се се навлекле на нешто. Голем удел во контролата игра психијатријата, чија цел е да ги дефинира луѓето преку нивните пореметувања, кои се спротивставуваат на нивниот човечки потенцијал. Тоа беше навестено во книгите како “Храбар нов свет“.[10]

Денес, медицинската тиранија ги казнува сите кои се “непослушни” и имаат некој вид на пореметување (а тоа е најлесно да се докаже) – особено оние кои го оспоруваат авторитетот на елитата. Употребата на лекови за смирување во војската доведе до рекорден број на самоубиства. Поразително делува податокот дека над 25% од американските деца се на лекови за смирување!

## Храна, вода, воздух

Адитиви, токсини и други отрови од храната буквално ја менуваат хемијата на мозокот за да создадат послушност и апатија. Откриено е дека флуорот во водата за пиење ја намалува интелигенцијата. Аспартамот и мононатриум глутаматот се екситотоксини кои ги возбудуваат клетките во мозокот се додека не изумрат; лесниот приод до брза храна која ги содржи овие отрови создаде популација која има недостиг на фокус и мотивација за секој тип на активен начин на живот. Поголемиот дел од современиот свет е перфектно уреден за пасивно примање и прифаќање на наредби од диктаторската елита. А доколку по некое чудо, сте успеале здраво да се храните, не заборавајте дека секогаш можат да го попрскаат воздухот со кемтрејлси.[11]

## Спорт, политика, религија

Некои го сметаат навредливо ставањето на религијата, па дури и политиката, веднаш до спортот како метод за контрола на мислите. Централната тема е сосема иста: подели и освој. Техниките се прилично

[10] Види http://www.psiha.com
[11] Види http://www.psiha.com

едноставни: краток спој врз природната тенденција на луѓето да соработуваат за да преживеат, како и да ги научат да формираат тимови склони кон доминација и победа.[12]

## Интуитивно програмирање

Многумина сеуште одрекуваат дека интуитивното програмирање е реално. За таа цел секој може да ја разгледа документацијата собрана од Алан Ват и да дојде до поинаков заклучок. Интуитивното програмирање има потекло од претежно елитистичкиот Холивуд, каде “големиот екран” може да понуди визија за насоката кон која се движи општеството.[13]

## Рекламирање и пропаганда

Едвард Бернајс беше наведен како пронајдувачот на потрошувачката култура која првенствено беше насочена кон проекцијата која луѓето ја имаат за себеси, за да ја претвори желбата во потреба. Ова прво беше искористено во продуктите како цигарите. Сепак, Бернајс во неговата книга од 1928 година “Пропаганда” бележи дека “пропагандата е извршната рака на невидливата влада.

Ова најјасно може да се забележи во современите полициски држави и во растечката граѓанска поткажувачка култура, опседната со псевдо-патриотската војна против теророт. Зголемената консолидација на медиумите овозможи целокупната корпоративна структура да се спои со владата, што сега го употребува концептот на поставување на пропаганда.

Медиумите, печатниците, филмовите и кабелските вести сега може да работат неприметно при интегрирањето на целокупна порака за која се чини дека има “прстен на вистината” бидејќи доаѓа од толку многу извори истовремено. Кога некој станува свесен за идентификација на главната “порака”, ќе ја забележи оваа поврзаност насекаде. А

---

[12] Види http://www.psiha.com

[13] Разгледајте ги книгите и филмовите од минатото за кои сметавте дека беа претерано напнати, или “научна фантастика” и забележете го одблиску денешното општество. За детална анализа на специфични пример, сајтот www.vigilantcitizen.com е одличен извор кој веројатно ќе направи да ја гледате “забавата” во сосема поинакво светло.

потсвесното праќање на пораки не мора нити да се спомнува“.[14]

## Едукација

Ова е најочигледниот, но сеуште останува најтаен метод. Отсекогаш најголема фантазија на диктаторите беше “едукацијата” на природно надарените деца и како таква истата беше централна компонента во комунистичката и фашистичката тиранија.

Најзначајна личност во откривањето на агендата на модерната едукација е Шарлот Исербит - секој може да започне со истражување на оваа област преку симнување на бесплатно ПДФ од нејзината книга “Намерното ‘оглупување’ на Америка”, која ја разоткрива улогата на глобалистичките фондации во формирањето на иднина која има за цел да продуцира покорни трутови водени од потполно едуцирана, свесна елитна класа“.[15]

## Заклучок

Разбирањето на принципите и постапките сврзани со човековите права ги оспособува луѓето да учествуваат во одлуките коишто ги одредуваат нивните животи, да дејствуваат во насока на разрешување на судири и одржување на мирот, раководејќи се од човековите права, а сето тоа претставува остварлива стратегија за човеков, општествен и економски развој во чие средиште се наоѓаат луѓето. Едукацијата и изучувањето на човековите права треба да ги спроведуваат сите фактори или засегнати субјекти, како граѓанското општество, владите и меѓународните компании. Преку изучување на човековите права може да се развие вистинска „култура на човековите права“, заснована врз почитување, заштита, исполнување, спроведување и практикување на човековите права.

Колку повеќе некој ја истражува мозочната контрола, толку повеќе ќе доаѓа до заклучок дека постојат координирани тенденции кои имаат за цел да ја претворат човечката раса во автомати.

Денес сме во ризична фаза каде контролата на умот има физичка

[14] Види http://www.psiha.com
[15] Види http://www.psiha.com

и научна димензија која се заканува да прерасне во постојана состојба доколку не станеме свесни за алатките кои му се ставени на располагање на технократското диктаторство кое се одвива низ целиот свет.

Човечкиот ум е и денес нистражена мистерија за обичните луѓе. Денешниот човек не користи ни 10% од можностите на својот ум. Значи дека сеуште не сме научиле во потполност да го користиме нашиот ум. Но, ако ние не сме научиле да го користиме нашиот ум, има некој кој се обидува забрзано да го направи тоа или можеби веќе го прави? Контролата на луѓето, широките народни маси и нивните умови стана едно од најважните оружја на луѓето кои тежнеат да станат планетарни владетели. Ако тие не се веќе. Во текот на 20-тиот век, човековите права се развија во морална, политичка и правна рамка и станаа водечка насока за развој на свет ослободен од страв и немаштија. Човековите права ги оспособуваат и им даваат моќ на поединците и на заедниците да бараат трансформација на општеството во насока на целосно остварување на сите човекови права.

На крајот се поставува прашањето дали трката меѓу зајакнувањето и универзалнирање на човековите права и воспоставувањето на контрола врз умот на човекот е завршена или сеуште трае? И кој се стигне прв и ќе биде основата на новиот свет за сите?

*Toni Gjorgiev, PhD*
*Associate professor, Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski" Skopje*
*Goce Stoilovski, LLM*
*Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski" Skopje*

# THROUGH THE HUMAN RIGHTS AND MIND CONTROL TO THE NEW WORLD FOR ALL

*In this paper, the authors will do research on whether a new world in sight will be realized through greater empowerment and universalization of human rights, or by establishing control over the mind of all earthly people.*

*The rights and freedoms of man and citizen are the basic criteria that reflect the role of man and citizen in a society. At the same time they are the clearest indicator of the character of power. The more advanced they are, the more they reduce the possibility of power (power) for abuses and arbitrariness towards human rights and freedoms.*

*The contemporary control of the mind is both technological and psychological. Today we are at a risky stage where the mind control has a physical and scientific dimension that threatens to grow into a permanent state if we do not become aware of the tools that are available to technocratic dictatorship that takes place around the world.*

*Today, the race between the strengthening and universalization of human rights and the establishment of control over the mind of man is more pronounced on the world stage. Who will be the first to reach and will be the basis of the new world for all?*

***Keywords**: human rights, mind control, a new world.*